36870

Нова Македонија, Скопје, 5.V.1989, 15185, 9

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

# ФИЛМОВИ ОД ФАСБИНДЕР

Денес, со прикажувањето на филмот „Камикази", чија проекција започнува во 18 часот во кино — салата на Музејот на современата уметност во Скопје, оваа установа започнува со емитувањето на филмскиот циклус — Филмови на Раинер Вернер Фасбиндер. Филмот „Камикази" заедно со Фасбиндер го режираше Волф Грем, а Фасбиндер исто така ја толкува и главната улога.

Циклусот ќе продолжи во следните три четвртоци со прикажување на филмовите „Ефи Брист", „Сите други се викаат Али" и „Зошто трча господинот Амок?" на прерано починатиот германски режисер.

Инаку во својата кино — програма Музејот на современата уметност предвидува прикажување на филмови од областа на ликовната уметност и тоа секоја среда со почеток во 12 часот, додека секој петок, исто така во 12 часот на програмата се играни филмови од фондот на Заводот за културно — просветен и наставен филм.

S. Г.